# Правилник

## За систем на натпреварувања на Пинг-понгарската Федерација на Северна Македонија

## 1 ОПШТИОДРЕДБИ

### Член 1.

Со овој правилник се регулира системот на натпреварувања во Пинг-понгарската Федерација на Северна Македонија (во продолжение ППФСМ).

Натпреварувањата можат да бидат поединечни и екипни.

Категории во кои што се одвива системот на натпреварувања во ППФСМ се:

- Сениории Сениорки
- Сениори У21 иСениорки У21
- Јуниории Јуниорки
- Пионерии Пионерки
- Млади пионери и пионерки

За категориите: Пионери/ки, Јуниори/ки и Сениори/ки У21, доколку играчот наполни 12, 15, 19 и 21 година соодветно во тековната календарска година, смее да игра до 31.12 тековната календарска година, иако можеби започнала нова сезона. По 31.12, не смее да игра во претходната категорија во којашто можел да игра на почетокот на сезоната.

**Пример**: Тековна година е 2022та. Играч којшто е роден во 2003та година **смее** да игра како Јуниор/ка **само до** 31.12.2022. Од 01.01.2023 **не смее** да игра на турнири/државни првенства/лиги за Јуниори/ки.

### Член 2.

Сите поединечни и екипни првенства на Северна Македонија, како и ТОП натпреварувањата (коишто претставуваат **селектирана листа поединечни мечеви**) на најдобрите натпреварувачи (натпреварувачки) на Северна Македонија во сите категории, непосредно се организираат од страна на ППФСМ.

### Член 3.

ППФСМ може натпреварите наведени во Член 3. од овој **Правилник** да ги организира во соработка со клубови кои се уредно регистрирани во скалд со **Правилникот за Регистрација на клубови и играчи во ППФСМ**, единици на локана самоуправа и други институции.

### Член 4.

ППФСМ непосредно учествува во организацијата на останати поединечни натпреварувања кои не се наведени во Член 2. од овој **Правилник**, а кои се бодуваат за државните ранг листи во сите категории наведени во Член 1. од овој **Правилник**.

### Член 5 .

Натпреварувањата наведени во Член 4. непосредно може да се организирани од клубови коишто се уредно ригистрирани во согласност со **Правилникот за регистрација наклубови и играчи на ППФСМ**, единици на локалните самоуправи и други институции кои после објавен конкурс и доделена организација на тие натпреварувања по одлука на **Техничкиот секретар** којшто ги разгледува кандидатурите. **Натпреварувачката комисија** донесува конечна одлука за доделување на организација на натпреварувањата.

### Член 6.

# 2 ПОЕДИНЕЧНИ НАТПРЕВАРУВАЊА

Поединечни натпреварувања во непосреднао рганизација на ППФСМ се:

- Поединечни Државни првенства во сите категории наведени во Член1 од овој **Правилник**
- ТОП натпреварувања на најдобрите натпреварувачи (натпреварувачки) на Северна Македонија во сите категории наведени во Член 1. од овој **Правилник**.

### Член 7.

## 2.1 Поединечни Државни првенства

Сите **Поединечни Државни првенства** се од отворен тип. Право на учество имаат:

- Сите натпреварувачи (натпреварувачки) коишто се уредно регистрирани во ППФСМ според одредбите на **Правилникот за регистрација на клубови ииграчи на ППФСМ**,

- Сите коишто се македонски државјани со дозвола од ППФСМ регистрирани во странски клубови и кои по прописите на ИТТФ може да настапуваат во репрезентацијата на Северна Македонија.

### Член 8.

Сите поединечни првенства се играат во **две фази**:

1) **Квалификациска фаза**–во групи,
2) **Шампионска фаза**–класичен“knock-out”систем на испаѓање со еден пораз.

Жребот го врши Врховниот судија со своите помошници заедно со Натпреварувачка комисија врз основа на **Препораките за начин на жребање на натпреварувањата**.

Доколку има недоволен број на учесници според стандардите на ITTF за одржување на првенствата во две фази, тогаш Натпреварувачката комисија го одредува системот којшто ги задоволува стандардите на ITTF.

### Член 9.

## 2.2 ТОП натпреварувања

ТОП натпреварувањата на најдобрите натпреварувачи (натпреварувачки) на Северна Македонија за секоја категорија одредена со Член 1. од овој **Првилник** се:

- ТОП 8 најдобри натпреварувачи(натпреварувачки) на Северна Македонија

### Член 10.

ТОП 8 турнирот се одржува за сите категории наведени во Член 1. од овој **Правилник**, и на нив учествуваат најдобрите 8 натпреварувачи (натпреварувачки) од соодветните државни ранг листи.

### Член 11.

## 2.3 Останати поединечни натпреварувања кои се бодуваат за државните ранг листи

Останати поединечни натпреварувања кои се бодуваат за државните ранг листи, а важат за сите категории наведени во Член 1. од овој **Правилник** се:

- 2 турнири од **<<B>> класа** кои се наречени **<<TELEKOM MASTERS>>**турнири, чии организатори се одредуваат на основа на најповолните понуди односно услови за натпреварување коишто се приложуваат по претходно објавен конкурс. Одлуката за организаторите на овие натпреварувања ја донесува **Натпреварувачката Комисија** на ППФСМ која распишува конкурс и ги разгледува сите пристигнати понуди пред почетокот на натпреварувачката сезона.

### Член 12.

## 2.4 Останати поединечни натпреварувања кои не се бодуваат за државните ранг листи

Клубовите, локалните самоуправи и останати институции можат непречено да организираат поединечни натпреварувања со цел ширење на масовноста и популаризација на пинг-понгот.

ППФСМ во склоп на своите можности, ќе им помогне во организацијата на овие натпреварувања.

Овие турнири **нема** да се бодуваат за државните ранг листи на ППФСМ и ќе се нарекуваат **<<STANDARD>>**турнири.

### Член13.

# 3 ЕКИПНИ НАТПРЕВАРУВАЊА

Екипни натпреварувања во ППФСМ се:

- Екипни Државни Првенства во категориии/или лиги: Пионери/к и Јуниори/ки
- Лигашки натпреварувања на ППФСМ во категории: Сениори/ки

### Член 14.

## 3.1 Екипни Државни Првенства во категории: Пионери/ки и Јуниори/ки

На екипните државни првенстваи/или лиги во категориите за пионери/ки и јуниори/ки, право на учество имаат сите клубови коишто имаат натпреварувачи (натпреварувачки) коишто ги задоволуваат овие категории, и тоа минимум 2 во екипа. Настап за екипа на државно првенство и/или лига во младинските категории може да има само со играч кој поседува македонско државјанство.

Начинот на играње на државните првенства мора да биде единствен и се регулира со **Пропозициите за натпреварување** чијшто предлог го донесува **Натпреварувачката Комисија** која истиот го упатува на **Управниот Одбор** за усвојување.

Екипите победници на екипните државни првенства во категории за пионери/ки и јуниори/ки се стекнуваат со назив Државни прваци во категоријата во којашто се натпреварувале.

## Член 15.

## 3.2 Лигашки натпреварувања на ППФСМ во категории: Сениори/ки

Први две нивоа на лигашки натпреварувања во Република Северна Македонија во категорија за Сениори се **Супер Лига на Северна Македонија** и **Прва Лига на Северна Македонија**, а за Сениорки е **Прва Лига за жени на Северна Македонија**, коишто непосредно ги организира ППФСМ.

Останати лигашки натпреварувања во Република Северна Македонија се во машка Сениорска конкуренција и тоа: **Втора Лига - Регион 1** и **Втора Лига - Регион 2** кои исто така се организирани непосредно од ППФСМ.

## Член 16.

Начинот на играње на лигашките натпреварувања се однесува на сите лигашки натпреварувања во Република Северна Македонија, а се регулира со **Пропозициите** и со **Анексите на Пропозиции** за секоја од лигите чиј предлог го донесува **Натпреварувачката Комисија** на ППФСМ за сите натпреварувања, истите се упатуваат на **Управниот одбор** кој што донесува одлука пред почетокот на сезоната за секое од овие лигашки натпреварувања.

## Член 17.

Составот на екипите, преминот на екипите од повисок кон понизок ранг на натпреварување се регулира со **Пропозициите** и **Анексите на Пропозиции** за секоја од наведените лиги чиј предлог го донесува **Натпреварувачката Комисија** на ППФСМ и го упатува кон **Управниот одбор** којшто донесува одлука пред почетокот на натпреварувачката сезона.

## Член 18.

Победниците на највисокиот ранг на лигашко натпреварување на Република Северна Македонија (Супер Лига на Северна Македонија) се стекнуваат со назив **Екипен Државен Првак на Северна Македонија** за натпреварувачката сезона во која се одвивало натпреварувањето.

Победниците во останатите лигашки натпреварувања во системот на натпреварувања на Република Северна Македонија кои не се натпреваруваат во највисокиот ранг на натпреварувања, се стекнуваат со назив **Победник на лигата** во којашто се натпреварувале во тековната натпреварувачка сезона.

### Член 19.

За сите лиги, коишто се наоѓаат во системот на натпреварувања на Република Северна Македонија, раководител е Натпреварувачката комисија и е должна да прави посебни ранг листи на успешност на играчите во тие лиги, коишто се **независни** од државните ранг листи.

### Член 20.

## 3.3 Екипни натпреварувања кои не се во системот на натпреварувања на ППФСМ

Клубовите, локалните самоуправи и други останати институции можат непречено да организираат екипни натпреварувања кои се надвор од системот на натпреварувања на ППФСМ со цел ширење на масовноста и популаризација на пинг-понгот во Северна Македонија.

ППФСМ во склоп на своите можности, ќе им помогне во организацијата на овие натпреварувања.

# 4 ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИОДРЕДБИ

### Член 21.

Толкување на одредбите од овој **Правилник** дава Натпреварувачката комисија на ППФСМ.

### Член 22.

Овој **Правилник** стапува на сила на денот на неговото донесување.

Претседател на ППФСМ

Горан Тиловски